**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-435/9**

**Скопје, 10.08.2006 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Фонд за комунално уредување на општина Валандово за 2005 година, кои се прикажани на страните од 4 до 5 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Фонд за комунално уредување на општина Валандово за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Јован Пеев, градоначалник на општина Валандово од 01.01.2005 година до 13.04.2005 година, и
- Николче Чурлиновски, градоначалник на општина Валандово од 14.04.2005 година до 31.12.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 3 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 25.05. 2006 до 25.05.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.



***Овластен државен ревизор***

______________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на актите**

10.1.1. Фонд за комунално уредување на општина Валандово престанал да функционира заклучно со 30.06.2005 година согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Согласно Законот за сметководство поточно член 29, општината била должна за периодот од 01.01.2005 до 30.06.2005 година односно до денот на укинувањето на истиот, да состави годишна сметка и истата во рок од 60 дена да ја достави до надлежните институции, што не е направено од страна на општината. Непочитување на Законот за сметководство го оневозможува навременото систематизирање и утврдување на податоците кои се пренесуваат во буџетот на општината, увид во билансните позиции и финансиските извештаи и доставување на истите до надлежните институции во Република Македонија,

**10.2. Не применување на постапките од Законот за јавни набавки**

10.2.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ број 26/98.. . .24/03 и 19/04) и тоа:
- во општината не се води регистар за јавни набавки;
- за набавки од мала вредност нема донесено Правилник за мали набавки и нема спроведено соодветна постапка за јавни набавки од мала вредност во вкупен износ од 162 илјада денари од кои 152 илјади за услуга утовар и транспорт на земја за објект булевар Првомајска во Валандово со добавувачот „Две Палми„ ДООЕЛ с.Костурино Струмица и 10 илјади денари за набавка на трева од добавувачот „Фем„ Пирава.

Неспроведување на постапките за јавни набавки согласно Законот создаваат можности за фаворизирање на одредени фирми ја спречуваат конкуренцијата и придонесуваат за набавки по зголемени цени.

**Препорака:**

По овој наод ревизијата не дава препорака од причина што Фондот за комунално уредување на општина Валандово е укинат.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката од 10.1. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Фондот за комунално уредување на општина Валандово на 31 декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која

завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точка 10.2. кај Фондот за комунално уредување на општина Валандово не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**Скопје, 07.08. 2006 година** **Овластен државен ревизор**

**ФОНД ЗА КОМУНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ЕЛС ВАЛАНДОВО**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 819 | 1,642 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 165 | 1,753 |
| **Вкупно приходи** | | **984** | **3,395** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | | 0 | 57 |
| Стоки и услуги | 3.3.1 | 801 | 3,085 |
| Субвенции и трансфери | 3.3.2. | 183 | 90 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **984** | **3,232** |
| **Вкупно расходи** | | **984** | **3,232** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **0** | **163** |

**ФОНД ЗА КОМУНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ЕЛС ВАЛАНДОВО**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | | 0 | 163 |
| **Вкупно тековни средства** | | **0** | **163** |
| **Вкупна актива** | | **0** | **163** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | | 0 | 163 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **0** | **163** |
| **Вкупна пасива** | | **0** | **163** |